**20191462166**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 10 јули 2019 година.

Бр. 08-4017/1
10 јули 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19), во член 39-ж по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Висината на додатокот за образование од ставовите (1) и (2) на овој член се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година, објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

(4) Во случај кога нема пораст на трошоците на живот за претходната година, не се врши усогласување на висината на додатокот за образование од ставовите (1) и (2) на овој член.".

Ставот (3) станува став (5).

Член 2

Во член 127-а по зборовите: „лиценца за директор" се додаваат зборовите: „како и да поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку А2 (A2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода, односно АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).".

Член 3

Во член 142 ставот (11) се менува и гласи:

„Доколку успешно го положи стручниот испит од ставот (10) на овој член, приправникот по обезбедување на финансиски средства се унапредува на следното ниво.“.

Член 4

Членот 142-а се менува и гласи:

„Член 142-а

Директорот на јавна установа за деца, изготвува годишен план за вработување за следната година, согласно со Законот за вработените во јавниот сектор.“.

Член 5

Во член 143 во ставот (18) по зборовите: „во втор степен“ се додаваат зборовите: „во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката од ставот (17) на овој член.“.

Член 6

Во член 166-з зборот „општините“ се заменува со зборот „основачите“.

Член 7

Постапките по барања за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче со потребната документција за деца родени до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), ќе се завршат согласно со прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19).

Член 8

Започнатите постапки по барањата за остварување, односно продолжување на правото на партиципација поднесени до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19) и кои не се решени до денот на влегувањето во сила на истиот, ќе завршат согласно со прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на истиот.

Член 9

Вработените негователи затечени на работно место согласно со членот 98 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), ќе можат и да се унапредуваат во јавна установа за деца под исти услови како и останатите вработени негователи, истите можат да ја обновуваат/продолжуваат стекната соодветна лиценца за работа.

Лицата со завршено четиригодишно средно образование кои се стекнале со важечка лиценца за неговател до денот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), можат да се вработуваат и унапредуваат во јавна установа за деца под исти услови како и лицата од членот 44 став (10) алинеи 2, 3 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), а можат да се вработуваат и во приватна установа за деца на работно место неговател под исти услови како и лицата од членот 62

став (1) точка 4. од Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19). Истите лица можат да ја обновуваат/продолжуваат соодветната лиценца за работа согласно со Законот за изменување и дополнување на законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19).

Член 10

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.